АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА ТАНЕВСКИ
ул. Филип Втори Македонски бр. 15/9, Скопје e-mail: levko@unet.com.mk
тел / факс: 02 3128159

**До**
**Центар за истражувачко новинарство**
**СКУП Македонија**
**- Ангела Рајчевска, Бјанка Станковиќ**
**и Кристина Атовска авторки на текстот -**

Ул. 11 Октомври бр.2/5-4
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ:** **Реакција на прилогот** „Репрезентацијата галопира – директорите со исти апетити како и министрите" на авторките Ангела Рајчевска, Бјанка Станковиќ и Кристина Атовска, објавен од страна Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија.

**ОД:** **Агенција за филм на Република Македонија** со седиште на ул.8 Март бр.4, со ЕМБС: 6256627, ЕДБ: 4030006644601 и **Горјан Тозија** Директор на Агенцијата за филм на Република Македонија, **преку полномошник Таневски Лефко од Скопје** со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.15/9, ЕМБС:5556384, ЕДБ: 5030993152760, тел.02/3128159, емаил: levko@unet.com.mk, Број на сертификат: 17d0be35e44e066e27a2929a89a47b8d

Согласно член 18 и 19 од Законот за медиуми, член 13 и 14 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, а в.в. со член 19 од истиот закон, Агенција за филм на Република Македонија се обраќа до „Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија"и авторките Ангела Рајчевска, Бјанка Станковиќ и Кристина Атовска,со своја реакција со барање за јавно извинување и повлекување, како и да објавите исправка на прилогот на авторките Ангела Рајчевска, Бјанка Станковиќ и Кристина Атовска, насловен „Репрезентацијата галопира – Директорите со исти апетити како министрите", објавен на 05.07.2018 година.

Би ја поздравиле намерата на порталот како средство за јавно информирање да ја запознае широката јавност во однос на тоа „како се трошат државните пари од страна на функционерите кои раководат со државните институции", вклучително и на Агенцијата за филм, кога тоа би било објективно и засновано на факти и од доставените информации не би се извлекувале произволни заклучоци.

Имено, Агенцијата за Филм навремено и прецизно ги достави побараните информации од јавен карактер до една од авторките на прилогот, а се однесуваат

на службените патувања на директорот во периодот од јануари 2017 до јануари 2018.

Контекстот во кој е спомената Агенцијата за филм и нејзиниот актуелен директор Горјан Тозија во најмала рака е некоректен, а секако и спротивен со меѓународните и национални принципи и стандарди поставени во правните акти од областа на заштитата на човековите права и професионалните новинарски етички стадарди регулирани со Универзалната декларација за човекови права (член 19), Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (член 19), Европската конвенција за човекови права (член 10), Повелбата на фундаменталните права на ЕУ (член 11), Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (членот 2) и Етичкиот кодекс на здружнието на новнари на Македонија, од причина што истиот е невистинит и инсинуира неодговорно однесување и трошење на буџетски пари и согласно произволен заклучок на некоја од авторките на текстот претставува континуитет на некаков тренд на патување, наследен од претходното раководство. Ваквиот заклучок е далеку од вистината заради многу причини.

Имено, Директорот Горјан Тозија е долгогодишен филмски работник, етаблиран продуцент, со импресивна биографија од која може да се види дека во својата досегашна кариера ги посетил или посетувал сите релевантни филмски манифестации и воопшто нема потреба од бесполезни службени патувања. Сосема спротивно! Истите се редуцирани на минимум, бидејќи на јавноста и се добро познати состојбите со кои Агенцијата за филм се соочуваше и сеуште се соочува во едногодишниот период од неговото директорување.

На патувањата кои се наведени во прилогот, воопшто нема потрошено средства на репрезентација, екстравагантна храна или каква било друга пикантерија, односно со тие средства се покриени патните трошоци, сместувањето и законски пропишаните дневници, што е видливо и од приложените сметки.

Мотивацијата на директорот Тозија да патува во Берлин, Трст и Торонто, секако не е за да посети некоја светска метропола, туку внимателно одбрани патувања од многуте покани на фестивали, манифестации работни состаноци каде РМ членува и каде се одлучува за новите стратегии за европскиот и светски филм кои секојдневно пристигнуваат во Агенцијата за филм. Во Берлин присуствуваше на Генерално собрание на Европска Филмска академија, чија членка е, како и на церемонијалот на доделување на европски филмски награди. Во Трст во придружба на многу македонски продуценти и филмски работници присуствуваше на When East Meets West – копродукциски маркет кој се одржа во склоп на филмскиот фестивал во Трст, на кој присуствуваа Филмски работници, продуценти, финансиери претставници од повеќе од 30 земји со над 400 учесници. Патувањето во Торонто беше на покана на Македонски Филмски фестивал и тогашниот Министер за култура кои беа дел од македонската делегација со цел да се започне процедура на потпишување на билатерален

Договор за соработка и меѓу Македонија и Канада како и да се склучи Договор за соработка помеѓу Агенцијата за филм и Македонски филмски фестивал, кој е Во завршна фаза.

Што се однесува до патувањата на претходната директорка тоа е секако различна сторија и предмет на некој друг прилог или истражување, за кој доколку има интерес Агенцијата за филм е повторно отворена за соработка.
Во секој случај, би потенцирале дека Трошоците за репрезентација во 2017 година кај актуелниот директор господинот Тозија се помали за 9,92% или 141.572 денари во паралела на трошоците на поранешната директорка.

Работата на Агенцијата за филм, под сегашново раководство е транспарентна и легитимна и тоа во секој момент може да се провери и докаже, затоа залудни се обидите да се прикаже некоја друга приказна која не е во насока на вистината.

Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите се должни да ја почитуваат вистината, да бидат чесни, објективни и точни, како и да го спречат искривувањето на вестите. Следејќи ја својата улога во градењето на јавното мислење, новинарите се должни да ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе ги почитуваат честа и угледот на другите, Слободата на изразувањето не е само составен дел на личната слобода, туку и посебен чин во воспоставувањето на општествена интеракција. Сепак, ова право не може и не смее да го оправда кршењето на личниот интегритет, приватноста, човековото достоинство, честа и угедот во постојаната трка што медиумите и новинарите ја имаат со времето и професионалната конкуренција, па така често да преферираат суви и ладна факти, а притоа малку размислуваат или заборавaат на човековото достоинство, чест и углед. Новинарите треба да се чуваат од брзоплетост, еуфорија, предрасуди, пристрасност и површност,

Имајќи го во предвид горенаведеното, а согласно член 16 став 4 од Уставот на РМ, член 18 и 19 од Законот за медиуми и член 13 и 14 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Ве молиме да се извинете или јавно повлечете објавените невистинити факти на Вашиот медиум за сегашното раководство на Агенцијата за филм на РМ - аклтуелниот директор господин Горјан Тозијa, како и да ја објавите оваа исправка на вашиот текст во Вашиот медиум-средство за јавно информирање, а во спротивно, согласно член 19 од Законот за граѓанска одоговорност за навреда и клевета, ќе поведеме судска постапка за утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета

Полномошник,
Адвокат Таневски Лефко

АДВОКАТ
ТАНЕВСКИ ЛЕФКО
ул. Филип Втори Македонски бр. 15/9
☎ 070/22-17-11 Скопје
Лиценца бр. 556